Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 16 став 1 точка 5, член 24 став 1 точка 25 од Статутот на ОА („Службен гласник на Општина Аеродром" број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 04/2019, 01/21 ), членовите 6-11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности(„Службен весник на РМ" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14), Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром за 2022 година, Програма за поддршка на културата во Општина Аеродром за 2022, Барање број 25-1316/1 од 24.02.2022 година, Советот на Општина Аеродром на својата осма седница, одржана на ден 08.03..2022 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за доделување на спонзорство на Национална установа Театар Комедија - Скопје за реализација на проектот Меѓународен летен фестивал на комедијата „Гола Месечина"

Член 1

Со оваа Одлука се доделува спонзорство за реализација на проект Меѓународен летен фестивал на комедијата „Гола Месечина" на подрачјето на Општина Аеродром, организиран од страна на Националната установа „Театар Комедија", кое се состои во доделување на финансиски средства во износ од 1.200.000,оо (еден милион и двеста илјади) денари.

Член 2

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Програма К4 културни манифестации и творештво, потставка 464990 – Други трансфери, кои ќе се уплатат на жиро-сметка на Националната установа „Театар Комедија".

Член 3

За возврат на спонзорската поддршка од страна на организаторот на манифестацијата Општина Аеродром ќе биде промовирана како спонзор, на начин кој е детално утврден во самиот Договор за спонзорство.

Член 4

За реализирање на спонзорството ќе се склучи Договор помеѓу Општина Аеродром и Националната установа „Театар Комедија", кој ќе се примени по добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес, од страна на Министерството за правда.

Член 5

Оваа Одлука по создавање на законски предвидените услови ќе ја изврши Секторот за финансиски прашања на Општина Аеродром.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром", а ќе се применува по добиено мислење од Министерството за правда.

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Дејан Митески